Република Северна Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-84/21
11 03 20 25 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 66 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/19, 01/21), Советот на Општина Аеродром на 54-та седница, одржана на ден 10.03.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**За усвојување на Информација број 18-235/2 од 17.02.2025 година од одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови за техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-127/6 од 30.05.2024) за ГП2.1** со тех. бр. 0801-05-04/21/ТИ-1 од 01.2025 год.

**Образложение**

На 43-та Седница на Советот на Општина Аеродром донесена е Одлука бр.09-127/6 од 30.05.2024 и измена на одлуката донесена на 48-та Седница со Одлука бр. 09-304/22 од 25.10.2024 ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје.

Техничката исправка се врши за ГП2.1 во Планска документација - текстуален, нумерички и графички дел, односно евидентирана е неусогласеност во планската документација, за формираната градежна парцела со број 2.1 неточно е исчитана површината на градежна парцела, односно исцртаната површина на градежна парцела, која изнесува 5834 $м^2$ согласно со графичкиот дел, во табелите за нумерички податоци е внесена како 5704 $м^2$.

Следствено на оваа неусогласеност, во табелите од нумеричкиот дел што дефинираат вкупни податоци на ниво на блок, се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на намената Е1.6 - канализациски инфраструктури: пречистителна станица.
Согласно со член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/2024, 224/24) со техничката исправка се овозможува непречена реализација на деталниот урбанистички план за предметната градежна парцела.

1. Се усвојува Информација број 18-235/2 од 17.02.2025 година од одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови за **техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје за ГП2.1, донесен со Одлука на Совет бр.09-127/6 од 30.05.2024 година и Одлука бр. 09-304/22 од 25.10.2024.**

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром".

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Љупчо Аџковски